**Ирена КАЛАЈЏИЕВА МИЛЕВСКА**
**Тања ПАНТЕЛИЌ ГИШЕВ**

# АКТИВНОСТИ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА НА ЛОКАЛНО НИВО: ПРИМЕРОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

## 1. Вовед

Општина Карпош е формирана на 3-ти ноември 1976 година („Службен весник на СРМ“, бр 8/76) и како дел од Град Скопје се протега на нејзината централно-западната површина. Граничи со општините Бутел, Чаир, Центар, Кисела Вода, Сарај и Ѓорче Петров, но и со општините Чучер Сандево и Сопиште кои не се дел од градот Скопје. Според последниот попис на населението од 2002 година, општината брои 59 810 жители. Општината на својата територија има 4 детски градинки и 10 основни училишта.

Во рамките на Секторот за дејности од јавен интерес е и Одделението за детска, социјална и здравствена заштита кое своите активности ги започна скромно во 2010 година. Во текот на своето екипирање и осмислување на програмата за работа, Одделението изврши бројни анализи и анкети за потребите на граѓаните преку кои се дојде до одредени сознанија што е потребно и како да им се

*Ирена Калајџиева Милевска е овластено лице за контола во Секторот за социјални работи на Општина Карпош*

*Тања Пантелиќ Гишев е дипломиран социјален работник во Секторот за социјални работи на Општина Карпош*

помогне во доменот на здравството и социјалната заштита. Оттука, почнува чекор по чекор да се осмислуваат и да се вклопуваат активностите во годишната Програма на ова Одделение.

Тие се поделени на:

***1.1. Активности од социјален карактер:***

- Доделување еднократна парична помош на лица/семејства во социјален ризик, за лекување и елементарна непогода.
- Доделување на еднократна парична помош за секое новородено и посвоено дете.
- Хуманитарна акции (по повод Велигденските празници, Нова Година и роденденот на општината).
- Помош за загрозените подрачја од елементарна непогода и отварање прифатилишта за бездомни лица кои се активираат за време на елементарни непогоди.
- Хумани патроли.
- Одбележување на 3ти декември, меѓународен ден на лицата со попреченост и формирање на социјална карта на лица со попреченост.
- Одбележување на 1 Октомври, Денот на старите лица (посета во домот за стари лица Мајка Тереза при Геронтолошкиот завод „13 Ноември”).
- „Со љубов за осамените“- 14 февруари,
- Манифестација по повод 9-ти Мај-последниот ден од празникот Ѓурѓовден.
- Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ[1] „Пролет“.
- Отворање на привремена детска градинка во с. Бардовци според Монтесори едукативната програма, а во најава е изградба на градинка во ова село.
- Асистивна технологија за индивидуална работа на деца со посебни потреби во две училишта во О. Карпош (О.О.У.[2] „Димо Хаџи Димов“ и О.О.У „Јан Амос Коменски).

1. јавна установа општинска детска градинка
2 Општинско основно училиште

### *1.2. Активности од областа на здравствената заштита*

- Воведување на HACCP-системот[3] и назначено овластено лице за контрола и безбедност на храна во О.О.У и Ј.У.О.Д.Г.
- К.Т.Ц.[4] „КЛУЧ“ обучи 17 лица од предучилишните установи (технички, стручен и медицински персонал) за почитување на принципите на HACCP-системот.
- Проекти и работилници од областа на нутриционизмот.
- Едукација за оралното здравје на деца од предучилишна возраст и систематски и превентивни здравствени прегледи, предавања од областа на здравството поврзано со сезонски и непредвидени епидемски заболувања.
- Едукација за репродуктивно здравје и рано дијагностицирање на туберкулоза, заштита од жолтица (Хепатитис А), наменето за деца од предучилишна и училишна возраст, како и за подобрување на здравјето на ромската популација.
- Отварање на клуб за апстиненција од алкохол и превенција од употреба на дроги и други психотропни супстанции.
- Меѓународни активности од областа на здравството.

Грижата за здравјето и социјалната заштита на граѓаните е главен приоритет и цел на Општина Карпош. Почнувајќи од најмладата популација – децата кои се основна клетка на едно општество па се до граѓаните од „третото доба“, општината ги креира своите активности со цел да го олесни нивното живеење од секој можен аспект, а пред се здравствен и социјален.

Намалување на лицата/семејства во социјален ризик преку програмските активности на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, како и грижата за најмладата популација кои се згрижени во градинките и во основните училишта преку превентивни здравствени мерки, се главни цели на работата на ова Одделение. Всушност, Општина Карпош е препознатлива токму по формирање и активна работа на социјалните работници и здравствената грижа за населението кое живее на територија на О. Карпош.

Информирањето на граѓаните преку 14-те урбани заедници, преку општинскиот весник, интернет порталите и официјалната интернет страница, даваат насоки на кои начин граѓаните можат да си ги остварат своите права од било која област.

---

3. Hazard Analysis and Critical Control Point (АОККТ – Анализа на опасностите и критичните контролни точки)
4. Консалтинг и тренинг центар

Кога статистичките бројќи ќе одат во надолна линија би биле задоволни од својата работа бидејќи главна цел ни е да ги намалиме социјално-здравствените проблеми на граѓаните.

## 2. Активности за подобрување на здравјето и благосостојбата на граѓаните

### *2.1. Активности од областа на социјалната заштита*

Активностите од областа на социјална заштита што ги спроведува Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош се во согласност со Законот за локална самоуправа, Закон за социјална заштита, Закон за детска заштита и во согласност со годишната Програма која се донесува на седница на Совет секоја година.

- Постапка за доделување еднократна парична помош на лица/семејства во социјален ризик, за лекување и елементарна непогода
  Лицето/семејството кое има потреба од парична помош по еден од горе наведените основи, поднесува барање и соодветна документација до Одделението. Социјалните работници ја разгледуваат поднесената документација, доколку има потреба од дополнителни документи таа се комплетира. Наредната постапка е извршување на увид во домот на лицето/семејството во социјален ризик при што се прави записник. Комисија за доделување на еднократна парична помош формирана од градоначалникот на општината, ги разгледува поднесените барања и одлучува за тоа дали ќе биде одобрена финансиската помош и во која висина (Според Процедура за работење по ИСО 9001). Бројот на лица и семејства во социјален ризик на кои им е доделена еднократна парична помош е прикажан во Табела 1.

Табела 1. Број на лица и семејства во социјален ризик на кои им е доделена еднократна парична помош

| Година | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Социјален ризик | 65 | 82 | 53 | 71 | 45 | 316 |
| Лекување | 73 | 73 | 61 | 91 | 67 | 365 |
| Елементарна непогода | 0 | 1 | 3 | 112 | 1 | 117 |

- Доделување на еднократна парична помош за секое новородено и посвоено дете.

Лице/семејство кое има новородено или посвоено дете поднесува документи до одделението за детска, социјална и здравствена заштита и доколку ги исполнува пропишаните критетиуми изгласани на седница на Совет, а поставени на официјалната веб страна на општината[5] го остварува правото на еднократна парична помош кое е во висина од 4 000,00 ден. (Табела 2).

Табела 2. Број на новородени/посвоени деца на кои им е доделена парична помош

| Година | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на новороденчиња/ посвоени деца | 506 | 46 | 66 | 94 | 32 | 744 |

- Хуманитарни акции „Да бидеме хумани за нашите соседи"
  По повод православните празници Велигден, Нова Година и роденденот на општината, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита во текот на годината организира хуманитарната акција „Да бидеме хумани за нашите соседи", која е наменета за лицата/семејствата во социјален ризик.
  Методите на работа на оваа акција се поставување 12 штандови пред поголемите маркети во општината, на кои граѓаните можат да донираат прехранбени и хигиенски средства. Донираните производи се класифицираат и пакуваат во пакети, кои потоа се доставуваат до домовите на најзагрозените лица и семејествата во социјален ризик. Вообичаено на една хуманитарна акција се доделуваат околу 120 пакети.

- Помош за загрозените подрачја од елементарна непогода и отворање прифатилишта за бездомни лица кои се активираат за време на елементарни непогоди
  Општина Карпош има формирано Штаб за заштита и спасување доколку се случи елементарна непогода или непогода од било каков вид. Има обучено специјална единица која според свој протокол дејствува на терен и е препознатлива какоУниверзална единица за заштита на  и спасување. Доколку е потребно, оваа Единица во соработка со Град Скопје дејствува за време на временска

5 www.karpos.gov.mk

или елементарна непогода и други ситуации кои се случуваат во земјава но и во странство.
Одделението за детска, социјална и здравствена заштита за заради лошите временски услови и поради непостоење на прифатни центри за бездомни лица, вонредно отвара пет прифатни центри за згрижување на бездомни лица. Центрите беа во склоп на петте урбани заедници на територија на О. Карпош. Овие пунктови беа подготвени да ги прифатат бездомниците. Одделението за заштита и спасување на граѓани и материјални добра ги опреми прифатните центри со кревети, ќебиња, а за згрижените лица беше обезбедена храна и топли пијалоци.

- Проект „Хумани патроли“
  “Хумани патроли” е проект кој го спроведува Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, а има цел да ги опфати социјално-ранливите категории лица, лица со попреченост и стари изнемоштени лица, во нивниот дом.
  По тој повод во просториите на Општина Карпош се одржа обука за методите и начинот како да се спроведува оваа активност на која присуствуваа стручни лица од општинската администрација вклучени во проектот, а обуката ја одржаа професори од Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје.
  Со формирање тимови за теренски активности и пронаоѓање нови корисници, оваа хумана активност ѝм ја дава потребната нега и помош на оваа ранлива категорија наши сограѓани кои не се во можност да го напуштат домот поради здравствени причини. Станува збор за набавка на прехранбени продукти, домашни активности, лекарства и дружење со цел овие лица да ја надминат осаменоста.

- Одбележување на 3-ти декември, меѓународен ден на лицата со попреченост и формирање на социјална карта
  Со евидентирање на лица/семејства во социјален ризик, Општина Карпош има направено социјална карта односно база на податоци во кои се евидентирани сите корисници на еднократна парична помош, но и лица со посебни потреби. Во базата на податоци на одделението досега се евидентирани вкупно 90 лица со попреченост. Во изминатите 4 години, на Денот на лицата со хендикеп е доделена помош на вкупно 300 лица. Секоја година традиционално се доделуваат парични средства

или ортопедски помагала на овие лица. Денот на лицата со посебни потреби се организира со пригодна програма, обраќање и дружење со градоначалникот и мала закуска. При оваа средба , градоначалникот разговара со лицата со цел да добие сознанија за проблемите со кои тие секојдневно се соочуваат, како и нивните потреби за да може барем делумно да се овозможи полесна пристапност и социјална инклузија на овие лица во секојдневниот живот.

Табела 3. Евидентирани лица со попреченост на територијата на Општина Карпош

| Вид на попреченост | Број на лица |
|---|---|
| Церебрална парализа | 20 |
| Аутизам | 1 |
| Хидроцефалус | 1 |
| Параплегија | 4 |
| Мултиплекс склероза | 5 |
| Дистрофија | 3 |
| Оштетен слух | 3 |
| Ментален и физички хендикеп | 18 |
| Даунов синдром | 2 |
| Слепо и слабовидно лице | 6 |
| Лице со оштетен слух | 3 |
| Лице со комбинирани пречки во развој на говор и слух | 2 |
| Хромозомопатија | 1 |
| Вкупно | 69 |

- Грижа за стари и осамени лица

  Гараѓаните од ,,третото доба“ не треба да бидат заборавени од општеството, бидејќи тие придонеле и придонесуваат во неговиот развој и проспоеритет. За таа цел, секоја година Општина Карпош го одбележува 1ви Октомври, Денот на старите лица со посета на Геронтолошкиот завод ,,13-ти Ноември“ и со скромна програма им го разубавуваат денот. Воедно, во неколку урбани заедници се формирани клубови каде пензионерите се дружат меѓусебе, организираат патувања или забавни игри од социјален карактер. На овој начин се олеснува животот на нашите сограѓани и се овозможува нивно социјализирање.

  **„Со љубов за осамените“** е исто така една активност на Општина Карпош за социјализација на лицата кои живеат сами, и која симболично се одржува на 14 февруари, кој е познат како денот на вљубените “Св. Валентин“ и воедно е христијански празник

"Св. Трифун". Овој настан има за цел да овозможи на овие лица да ја почувствуваат грижата, пријателството и вниманието кое секој од нас треба да го добие.

### *2.2. Активности од областа на заштитата на здравјето*

Активностите од областа на здравствената заштита што ги спроведува Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош се во согласност со Законот за локална самоуправа, Закон за детска заштита, правилници на Агенцијата за храна и ветеринарство, Институт за јавно здравје и во согласност со годишната Програма која се донесува на седница на Совет секоја година.

- Воведување на НАССР-систем и назначено овластено лице за контрола и безбедност на храна во О.О.У и Ј.У.О.Д.Г.
  Со донесување на Законот за безбедност на храна и на материјалите што доаѓаат во допир со храна (Министерство за здравство, Службен весник на РМ, бр.54/2 и 84/7) сите призводители, дистрибутери односно секој оператор со храна законски е должен да го спроведе НАССР – системот со цел да се обезбеди поголема контрола врз биолошките, хемиските и физичките опасности кои би можеле да предизвикаат алиментарни труења кај децата од предучилишна и училишна возраст. Токму затоа градинките и основните училишта се должни да го имплементираат овој систем и да работат според неговите принципи. Општина Карпош е првата општина во Р.Македонија која овласти стручно лице за контрола и безбедност на храна во своите воспитно-образовни установи. Сите оператори со храна во градинките поминаа обука за Codex Alimentarius[6] и се стекнаа со дополнително знаење за добрата производна пракса (GMP)[7] и добрата хигиенска пракса (GHP).[8] Во текот на неколку месеци беше воведен НАССР – системот во градинките во Општина Карпош, но што е најважно тој во континуитет е следен и надградуван. Изготвени се листи за следливост на работата на техничкиот, стручниот и воспитно-образовниот кадар во градинките. Теренската активност и аудит

---

6 Codex Alimentarius (на латински јазик „закон за храна"), означува збир меѓународни стандарди за храна

7 Good Manufacturing Practice

8 Good Hygienic Practice

преку кој се констатира моменталната состојба се заведува во записник потпишан од овластеното лице за контрола и безбедност на О. Карпош од една страна, и директорот или раководителот на градинката/училиштето од друга страна. По проверка на потребната документација се изготвува извештај кој е финален и ја претставува целата моментална хигиенско – санитарна состојба во кујната и занималните каде што децата јадат. (*Проф. д-р Какуринов, Прирачник за неопходни предуслови за HACCP и Прирачник и Водич за воведување, одржување, надградба, инспекција и сертификација на HACCP – системот, издавач КТЦ Клуч, 2009-та, Скопје.)*.

Секако, и на основните училишта им беше посочено дека треба да се придржуваат на законската регулатива и од концесионерите на кујни да бараат да приложат во тендерската документација воведен HACCP – систем со што би гарантирале за безбедноста на храната која ја приготвуваат за децата.

- Меѓународни активности од областа на здравјето

  Редовно учество на конгреси, семинари, работилници се само една метода преку која вработените во општинската администрација се стекнуваат со стручност и знаење од областа на здравјето. Контролата на безбедноста на храната не би била целосна доколку не би се внимавало и на хигиенскиот дизајн на опремата која е вклучена во производството на храната. Од тој аспект, Општина Карпош е институционален член на EHEDG[9] – престижна светска организација со седиште во Франкфурт која активно придонесува во изготвување на европските регулативи од областа на хигиенскиот дизајн, но и на нови стратегии за развој на дизајнот. Прирачниците кои оваа организација ги изготвува секоја година се извор на информации кои даваат насоки за преточување на теоријата во пракса. Годишните конгреси, работилници и семинари овозможуваат проширување на контакти со стручни лица, размена на искуства и знаење како и бизнис соработка од која општината има бенефит.[10]

  Преку македонското Монтесори здружение, претставници од Општина Карпош земаа учество на меѓународниот проект „Играј

9 European Hygienic Engineering and Design Group (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн)

10 www.ehedg.org

со мене“ одржан во Љубљана – Словенија. Посебен акцент беше ставен на социјалната инклузија на лицата со посебни потреби и нивна инклузија во секојдневниот живот. Примерот на Љубљана ни беше од големо значење за спроведување на активностите во нашата средина и образовно-згрижувачки институции.

- Проекти и работилници од областа на нутриционизмот за ученици
  Во основните училишта секоја година се организираат проекти и работилници од областа на хутриционизмот кои ги спроведува стручно лице од оваа област. Целна група се учениците од петто до деветто одделение, деца кај кои во тој период од животот најчесто се забележува прекумерна или намалена телесна тежина.

- Едукација за оралното здравје на деца од предучилишна возраст и систематски и превентивни здравствени прегледи, предавања од областа на здравството поврзано со сезонски и непредвидени епидемски заболувања.
  Општина Карпош врши редовни и по потреба вонредни здравствени систематски прегледи преку Центарот за јавно здравје во градинките и во основните училишта. Како стручни лица во градинките има вработено медицински персонал (психолози, педагози, лекари, стоматолози, медицински сестри) кои ги координираат потребните превентивни услуги и се грижат за здравјето на децата во континуитет и се во постојана соработка со државните медицински центри. Континуирано се набљудуваат децата со цел навремено да се интервенира доколку се забележат одредени аномалии во нивниот развој. Се води евиденција за деца кои се чувствителни на одредени алергени, а редовно се следи телесната тежина на децата во градинките (Слика 1).




Слика 1. Следење на специфичните потреби на децата во градинките во Општина Карпош

Во една градинка има опремено стоматолошка ординација која дава бесплатни услуги на децата од предучилишна возраст кои посетуваат градинка.

- Едукација за репродуктивно здравје и рано дијагностицирање на туберкулоза (Mycobacterium tuberculosis), заштита од жолтица (Хепатитис А) - наменето за деца од предучилишна и училишна возраст и ромската популација
  Заради подобрување на здравјето на децата но и подигнување на свеста на ромското население во планот и програмата Општина Карпош се вметнати низа активности за превенција на непланирана бременост, едукација за полно-преносливи болести, рана дијагностика на заразни и незаразни болести и други активности. Особен осврт се дава на репродуктивното здравје и раното дијагностицирање на туберкулозата (Mycobacterium tuberculosis) како најчести здравствени проблеми со кои се соочува ромското население. Предавања најчесто вршат стручни лица организирани од невладиниот сектор, а во соработка со општината.

- Отварање на клуб за апстиненција од алкохол и превенција од употреба на droги и други психотропни супстанции
  Заради злоупотребата на тутунот, алкохолот, дроги психотропни супстанци општинската организација на Црвениот Крст во Карпош одржа работилници наменети за децата во училишните установи и нивните родите. Од нив произлезе книга и прирачник „ Да им кажеме НЕ на зависностите“.
  Се одржа трибина за зависностите и последниците од нив на која земаа учество претставници од МВР кои секојдневно се соочуват со лица со вакви проблеми, психијатриската болница во Бардовци, од Брзата помош при ЈЗУ Букурешт во Карпош, како и ученици, наставници и родители.
  На работилниците се водат разговори со лицата зависници или апститенти и ѝм се укажува на нивните права, мерки, начини каде и како да ги остварат.

## 4. Заклучок

Да се движиме напред со нови идеи кои би го подигнале стандардот, здравјето и благосостојбата на граѓаните е наш приоритет.

Да соработуваме со невладини и владини институции со цел да ги поттикнеме и да ги заинтересираме за нашите идеи и нивна реализација, е наша визија, мисија и цел.

Да бидеме најдобри е она по што секогаш сме препознатливи, особено во областа на здравството и социјалната грижа.

Од тука, не случајно на Општина Карпош на свечената манифестација која се одржа на 11.07.2013 год. во Скопје ја доби Наградата за филантропија -2012 од граѓанската организација „Центар за институционален развој“ – ЦИР. Оваа независна организација според своите истражувања и анализи, одлучи ѝ оддаде признание на Општината за нејзиниот досегашен придонес кон креирање на позитивно опкружување, за развој на филантропијата на локално ниво. Со тоа, Општината Карпош стана првата јавна институција од локална власт во Република Македонија која добила награда од ваков тип. Еминентната награда, Општината Карпош ја заслужи со својот особен придонес кон управувањето и развојот на филантропијата.

Целта на јавната награда и епитетот „филантропи на годината“ со кој се стекна Општината Карпош, и да се препознаат добрите практики на одговорното дејствување и да ѝ се оддаде признание на

оваа институција за нејзиниот придонес кон заживување и развој на вредностите на солидарност, хуманост и општествена одговорност. Наградите за филантропија и општествена одговорност се финансирани од Европската Унија преку програмата за јакнење на граѓанското општество во рамките на проектот SIGN.

## Апстракт

Во медицинска смисла, животната средина се одразува на агрегат на надворешните состојби и влијанијата кои ги афектира животот и развојот на организмот. Механизмите со кои животната средина влијае на човековото здравје се:

- Физички: прекумерна топлина, студ, бучава, зрачење и др.
- Хемиски: Лекови, киселини, алкали, тешки метали, отрови и некои одредени ензими.
- Биолошки: Болести – предизвикани од инфективни агени вклучувајќи ги и алиментарните труења.
- Психосоцијална средина: Семејства и домаќинства со одреден социоекономски статус, социјална работа и социјална поддршка, населби и заедници, формални институции, како и јавна политика.

За да можат да се опфатат сите овие аспекти потребна е консултација со експерти од бројни области. Заштитата на здравјето и подобрување на социјалниот статус е комплексен процес и бара мултидисциплинарен приод.

Од тука може да се согледа комплексноста во планирање и реализација на програмските планови за здравјето и социјалната заштита на граѓаните кои ги реализира Општина Карпош на локално ниво. Преку програмските годишни активности, локалната самоуправа планира и промовира здрави поколенија и генерации кои ќе се стекнат со здрави прехранбени навики и креира, односно овозможува нормален психо-социјален развој во текот на животот.

Со цел да се придонесе во оваа област, Општина Карпош го формира Одделението за детска, социјална и здравствена заштита. Начинот на работа и активностите на ова Одделение се превенција, следење на состојбите на терен за секоја проблематика, и навремено решавање на проблемите во согласност со ингеренциите на локалната самоуправа и со законските регулативи на Р. Македонија. Од особено значење е соработката на општината со други државни институции, со невладиниот сектор и со меѓународните организации преку кои се разменуваат знаења и искуства.

Од тој аспект Општина Карпош креира програмски активности за здравствена и социјална политика на децата, вклучувајќи ги рамноправно и децата со посебни потреби или деца кои потекнуваат од лица/семејства во социјален ризик. Се реализираат повеќе активности насочени кон вонинституционалните форми за социјална заштита

на ранливите групи засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост, и активности за унапредување на воспитно-образовна дејност.

Во активностите насочени кон овие целни групи опфатени се сите деца од најрана возраст, а во некои урбани заедници каде што доминира ромско или албанско население се води особена грижа за социјалната инклузија и превентивната здравствена заштита на децата од овие етникуми. Од секој можен аспект, преку стручни работилници, известувања, стручни презентации и обуки и др. едукативни форми се подигнува јавната свест за здравствената грижа на населението.

Овие активности најчесто се остваруваат преку социјални и здравствени работници и педагози од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита и во соработка со НВО секторот, Министерство за образование, Министерство за труд и социјала и меѓународни образовни центри како што е „Монтесори“ – центарот.

Општина Карпош не ги заборава ни своите граѓани од „третото доба“. На заедничко задоволство преку културно-забавни програми, најмладите се дружат и ги развеселуваат штитениците на пензионерските домови, се организираат „Хумани патроли“ кои се активни на терен и помагаат во секојдневното живеење на изнемоштените стари и болни лица кои не се во состојба да излегуваат од своите домови.

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита во Општина Карпош преку своите програмски активности има тенденција да ги опфати сите групи граѓани на територијата на локалната самоуправа без разлика на нивниот пол, род, старост или етничка припадност.

## Користена литература


1. Ray M, Merrill, Environmental Epidemiology: Principles and Methods, Jones&Bartlett Learning Publishers, UK.
2. Проф. д-р Какуринов, Прирачник за неопходни предуслови за HACCP - ситемоти Прирачник и Водич за воведување, одржување, надградба, инспекција и сертификација на HACCP – системот, издавач КТЦ Клуч, 2009-та, Скопје.
3. Министерство за труд и социјална политика, Закон за заштита на децата, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејност на установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/14, 40/14 и 136/14).
4. Министерство за образование, Закон за основно образование, Правилник за стандардите за исхрана и за оброците во основно училиште.